РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1815/
23-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36 -та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-1815/1 од 22.04.2026 година, против раководни лица во Министерството за ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување. Пријавата е доставена до други надлежни институции, Комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народен правобранител.

Предметот со бр. 12-1815/1 од 22.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.05.2026 година, поднесена е пријава против раководни лица во Министерството за ---- (понатаму: Министерство) и оформен е предмет бр. 12-1815/1 од 22.04.2026 година.

Во пријавата се укажува континуирано незаконско постапување, психолошки притисок, мобинг и дискриминација коишто подносителот ги трпел од страна на раководни лица во Министерството. Вработената работела на работно место помлад соработник, но во пракса извршувала работни задачи на советник. Дополнила дека и бил вршен притисок во врска со користењето на паузата, притисоци предвремено да прекинува боледувања, и биле врачувани решенија за прераспоредување во подрачни единици на Министерството, во коишто немало соодветни услови за работа итн.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК утврди дека во пријавениот случај пријавата е доставена до други надлежни институции, Комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народен правобранител.

Од сето наведено, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чукиќ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. Член/Anëtar

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата